ООУ„Браќа Рамиз-Хамид“–Шуто Оризари
Скопје

Наставна програма за слободен изборен предмет

# КЛАСИЧНА КУЛТУРА 2
## VII одделение

Учебна 2024/2025година
( се обработува полугодишно, број на часови 36 )

Изготвил: Емилија Стојановиќ

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | **КЛАСИЧНА КУЛТУРА 2** |
| **Изготвил** | **Емилија Стојановиќ** |
| **Училиште** | **ООУ „Браќа Рамиз – Хамид “ - Скопје** |
| **Вид / категорија наставен предмет** | **Слободен изборен предмет** |
| **Одделение** | **VII** |
| **Број на часови** | **36** |
| **Опрема и средства** | • Аудиовизуелни средства ( компјутер, паметна табла, таблети, дигитален фотоапарат, печатач или други дигитални уреди )<br>• Интернет ( линкови / врски , веб страници )<br>• Средства и материјали за цртање ( тетратки, хамер, колаж хартија, глина, молив, дрвени боици, мрсни боици, фломастери, темперни бои, природни и вештачки материјали и друго )<br>• Средства и материјали за истражување ( енциклопедии, прирачници, работни листови, стручна литература )<br>• Нагледни средства ( кратки видео записи, фотографии, списанија, книги, постери, апликации, илустрации, проспекти и слично ) |

## ПОВРЗАНОСТСОНАЦИОНАЛНИТЕСТАНДАРДИ

Наставнатапрограмавклучуварелевантникомпетенцииодследнотоподрачје:***Општество и демократска култура***.

*Ученикот/ученичкатазнаеи/илиумее:*

| | |
|---|---|
| VI-А.21 | Да го разликува значењето на поимите: нација, народ,етничка заедница, граѓани и индивидуи, на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам  и национализам, мнозинство и малцинство, како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат, |
| VI-А.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка), на сопстве-ниот народ и на историите на другите народи што живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато, |
| VI-А.28 | да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, кул-турен и политички аспект) што се битни за развојот на цивилизацијата, за форми-рање на нациите и за односите меѓу народите и државите во современи услови, |
| VI-А.30 | критички да размислува за различните перспективи во толкување на историските настани, |
| VI-А.31 | да ги поврзува економските, културните, социјалните и политичките процеси во различни историски периоди, |
| VI-А.32 | критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи, |
| VI-А.33 | да учествува во дискусија за историски прашања врз основа на релевантни извори, |
| VI-А.34 | да ја објаснува причинско-последичната поврзаност меѓу минатите и актуелните случувања на локално и глобално ниво, |

*Ученикот/ученичкатаразбираиприфаќадека:*

| | |
|---|---|
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес, |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината, |
| VI-Б.10 | познавањето на историјата и географијата овозможуваат подобро разбирање на светот во којшто живееме, |

Наставната програма вклучува дополнителни релевантни компетенции и од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост, Личен и социјален развој и Уметничко изтазување и култура.***

*Ученикот/ученичкатазнаеи/илиумее:*

| | |
|---|---|
| IV-A.5 | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| V-A.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците што се јавуваат на патот кон нивно остварување, |
| V-A.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина, |
| V-A.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените загрижи и потреби на конструктивен начин, |
| V-A.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите, |
| VIII-A.1 | манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот), |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни), |
| VIII-A.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури, |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти, |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност, |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти, |
| VIII-A.9 | да препознае и објасни како култура на која ѝ припаѓа (вклучително и на традицијата и религијата) влијаела на формирање на неговиот/нејзиниот идентитет и поглед на светот, |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |

*Ученикот/ученичкатаразбираиприфаќадека:*

| | |
|---|---|
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето, |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот што самиот/самата го вложува и од резултатите што самиот/самата ги постигнува, |
| V-Б.4 | секоја постапка што ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина, |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остарување на целите и надминување на предизвиците во секојдневите ситуации, |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби, |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика води кон личен напредок на индивидуален и социјален план, |
| V-Б.10 | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование. |
| VIII-Б.1 | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот, |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос конразличните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности, |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување, |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесува за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

## РЕЗУЛТАТИОДУЧЕЊЕ

**Тема1:*УМЕТНОСТ***

***Знаења/вештини***

- Знае кои се особеностите на различните стилови на античката уметност во европската уметност.
- Ги наведува јавните објекти карактеристични за антиката.
- Може да препознае кои јавни објекти се римско градителско наследство.
- Може да опише што е храм и кои се основните елементи на античкиот храм.
- Знае кој елемент е карактеристичен за приватната римска куќа.
- Сваќа дека вајарските облици се присутни во храмот како статуа и како релјефна декорација.
- Знае што е портрет.
- Прави разлика меѓу стиловите на ликовните декорации што се сретнуваат на хеленските вази.
- Има познавања за ликовните техники карактеристични за римската уметност.

***Ставови/вредности***

- Има позитивен став кон различните ликовни уметности и архитектурата во антиката што извршиле големо влијание врз европската градителска пракса и врз европското творечко искуство.
- Почитува мислења и ставови од другите околу него.
- Смета дека треба да работи самостојно и во група.
- Подржува дебати и разговори.
- Се залага за подобрување и продлабочување на знаењата.
- Дава критички осврт на постигањата.
- Прифаќа дека треба да нуди и прима помош, поддршка од другите.
- Согледува корист од соработката и поддршката.

| *Содржини(ипоими)ибројначасови* | *Примеризаактивности* |
|---|---|
| • **Архитектура**<br>(Храмови, жртвеници, живеалишта)<br>2 часа | • Учениците се поделени во неколку мали групи. Секоја група треба да пронајде некој илустриран атлас, речник или енциклопедија од историја на уметноста. Внимателно да го разгледа делот што се однесува на античката уметност. Учениците треба да ги запишат своите впечатоци од илустрациите. Претставник од секоја група ги чита работите што ги запишале.<br>• Учениците следат презентација со слики и текст за уметност подготвена од наставникот. Уметноста е творештво на човекот. Сликите, скулптурите и архитектурата, кои ги создаваат луѓето, ги нарекуваме уметнички дела. Уметничките дела ги враќаат посетителите во историјата. Секогаш кога ги гледаме, делата ни упатуваат нова порака. Каде и да се создадени и во која било епоха, уметничките дела, се чини, секогаш ни се обраќаат нам, кои ги гледаме. Уметноста секогаш одговара на некоја длабока потреба на општеството во кое настанува. Во повеќето цивилизации уметничкото дело има верска улога: тоа, имено, претставува однос меѓу човекот и боговите. Грчката уметност од почетокот е врзана за култот на боговите, но таа, исто така, е присутна и во предметите од секојдневниот живот: прво кај керамиката, потоа кај монетите, коишто сведочат за развојот на портретот во хеленистичката епоха.Почнувајќи од I век од н.е., Рим извршил големо влијание во сите области на империјата, преку архитектурата и урбанизмот.<br>• Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да направи презентација со слики и текст за јавни објекти карактеристични за антиката. Другата група добива задача да направи презентација со слики и текст за јавни објекти карактеристични за римското градителско наследство. Учениците ги презентираат своите презентации. Првата група објаснува за храмот и неговите основни елементи. Ги опишуваат и трите основни стилови на столбови: дорски, јонски и коринтски. Го претставуваат и театарот како еден од многуте придонеси на античка Грција за западната цивилизација. Другата група објаснува за: терми (јавни бањи), триумфална порта, аквадукт и римска куќа со внатрешен двор атриум.Се води отворена дискусија и се донесува заклучок дака архитектурата во антиката извршила големо влијание врз европската градителска пракса.<br>• Учениците да посетат некој антички локалитет и да ги разгледаат остатоците од објектите. Поделени во групи да направат извештај за елементите на градбите што можат јасно да се согледаат. |

| | |
|---|---|
| • **Вајарство**<br>(Скулптури)<br>2часа | • Учениците се делат во неколку групи. Секоја група добива задача да истражи преку интернет за вајарските облици присутни во храмот, за статуа на божество и релјефна декорација. Учениците истражуваат и за каријатидите  кои се редок пример во хеленската уметност. Објаснуваат и за портретот кој се сретнува во хеленистичкиот период, а присутен е и во Рим.<br>• Учениците ги презентираат изработките со слики и текст што произлегуваат од истражувањата направени на претходниот час. Учениците треба да ги наведат и изворите на информациите. Се води дискусија и се донесува заклучок, вајарството е уметност на создавање форми во три димензии : висина, ширина и длабина, со помош на разни материјали чијашто обработка бара посебни техники: длабење, моделирање, леење. |
| • **Сликарство**<br>**- Вазно сликарство**<br>**- Мозаик**<br>**-Фреско-сликарство**<br>(Слики, фрески, мозаици)<br>2часа | • Наставникот објаснува за сликарство користејќи презентација на која се претставени техниките на сликање. Сликарство е практика на нанесување боја, пигмент или друго средство на одредена површина.  Учениците се делат во три групи. Првата група добива задача да направи презентација со слики и текст на тема: Вазно сликарство. Втората група добива задача да направи презентација со слики и текст на тема: Мозаик. Третата група прави презентација со слики и текст за Фреско сликарство. Учениците од секоја група ги презентираат своите презентации. На крај се поведува дискусија за сликањето кое претставува начин на изразување и се јавува во многу форми.<br>• Учениците ликовно се изразуваат инспирирани од античката уметност. Учениците се делат во три групи. Секоја група добива по еден хамер. Учениците од првата група креативно се изразуваат цртајќи вази во геометриски стил, црнофигурален стил и црвенофигурален стил. Втората група добива задача да изработи мозаик од колаж хартија. Мотивите ги бираат самите ученици. Како мотиви учениците можат да изберат претстави на растенија и претстави на најразлични фигури од животинскиот  свет. Третата група треба да направи цртежи кои наликуваат на фреските во римските градби. Секоја група ги презентира своите изработки и се поведува дискусија за значењето на уметноста во антиката и влијанието што го има во развојот на европската уметност. |

## Тема2:*СЕКОЈДНЕВИЕ (ОПШТЕСТВЕН И ПРИВАТЕН ЖИВОТ)*

***Знаења/вештини***

- Сваќа дека различните содржини од секојдневниот живот на Хелените и на Римјаните се основа за развој на општествениот живот во Европа (образование, облекување, институции, јавни простори и др.)
- Прави разлика меѓу образованието на девојчињата и момчињата во Хелада и Рим.
- Може да опише гимназиум и академија.
- Знае каква била улогата и положбата на жената во античките општества во споредба со нејзината улога во современото општество.
- Ја објаснува улогата на таткото во семејството.
- Прави разлика меѓу римскиот род и фамилија.
- Знае кои продукти преовладувале во исхраната на Хелените и Римјаните.
- Има познавања за начинот на облекувањето и грижата за изгледот во античко време.
- Умее да направи споредба меѓу облиците на јавниот живот во антиката и денес.
- Може да ги опише градските плоштади во Хелада и Рим (Агора и Форум).
- Прави разлика меѓу Сенат и Собрание.
- Знае каде го поминувале своето слободно време жителите на античките градови (театар, амфитеатар).
- Знае кога била одржана првата Олимпијада.

***Ставови/вредности***

- Има позитивен став кон општествениот и приватниот живот во антиката како основа за развој на општествениот живот во Европа.
- Смета дека секојдневниот живот во античка Хелада и Рим е основа за развојот на општествениот и семејниот живот во Европа.
- Почитува мислења и ставови од другите.
- Се залага за подобрување и продлабочување на знаењата.
- Подготвен/а е да презема активности кои му овозможуваат полесно да ја совлада тема.
- Смета дека треба да работи самостојно и во група.
- Презема истражувачки активности.

| *Содржини(ипоими)ибројначасови* | *Примеризаактивности* |
|---|---|
| • **Секојдневие - Општествен и приватен живот**<br>1час | • Наставникот објаснува користејќи презентација, за секојдневиот живот во Хелада и Рим. Општествениот и приватниот живот во Хелада и Рим извршиле големо влијание и оставиле силен печат во развојот на организираната држава и демократијата, во востановувањето на некои институции и традиции. Тие традиции учествувале во развојот на европскиот образовен систем што произлегол од образовниот модел на овие општества. Влијаеле и врз моделирањето на семејството, односот кон забавата, храната, начинот на облекување и архитектурата.<br>• Учениците се делат во помали групи. Секоја група треба да размисли и да направи споредба меѓу животот во античка Хелада и Рим и животот денес. Учениците ги запишуваат своите размислувања на лист хартија. Претставник од секоја група ги чита работите што ги напишале на листот. |
| • **Образование**<br>(Гимназиум, софистика, академија)<br>2 часа | • Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да истражи и направи презентација со слики и текст за образованието и училиштата во Хелада. Другата група добива задача да истражи и направи презентација со слики и текст за образованието и училиштата во Рим. Учениците од секоја група ги презентираат своите презентации.<br>• Учениците се делат во две групи. Првата група треба да размисли и објасни зошто толку се настојувало на физичкото воспитување на младите Атињани и Спартанци.Што е Гимназиум и Академија. Другата група треба да размисли и објасни по што се разликувало образованието на девојчињата и момчињата во Хелада и Рим. Учениците реферираат за различните аспекти на образованието во Хелада и Рим,за софистика(философско-образовно движење во Хелада)и се отвара дискусија во која се прави споредба со денешниот систем на образование. |
| • **Семејство**<br>(Семејство, род)<br>2часа | • Учениците се делат во групи. Секоја група ученици треба да направи истражување за одделни аспекти на секојдневниот живот во Атина или Рим: а) изгледот и распоредот на семејните живеалишта; б) обичаите поврзани со раѓањето на децата; в) обичаите поврзани со почитувањето на домашните божества; г) обредите при погребувањето; д) улогата, положбата и правата на жените; ѓ) улогата на таткото во семејството. Резултатите од истражувањата учениците ги презентираат на час.<br>• Учениците се делат во две групи. Едната група треба да размисли и да објасни која е разликата помеѓу римскиот род и фамилија. Другата група да изработи шематски прикази на сите членови на семејната заедница во Хелада и Рим. Учениците ги претставуваат изработките и се поведува дискусија за семејството и семејниот секојдневен живот во Хелада и Рим.<br>• Секојдневниот живот на римските патрикии (благородници) и на плебејците (обичните луѓе) |

| | |
|---|---|
| | многу се разликувал, а исто така и животот во градот и во селото, што може да се заклучи и според нивните домови (domus). Богатите Римјани живееле во раскошни вили, додека сиромашното градско население изнајмувало соби во повеќекатни трошни куќи – инсули. Денот им започнувал многу рано за да се искористи светлината на денот. Мажите заминувале од домот за да ја вршат својата работа, а жените се грижеле за домашните работи и меѓусебно се посетувале. По работниот  ден, мажите задолжително заминувале во јавните бањи (thermae), каде што ја одржувале хигиената и уживале во средби и разговори со своите сограѓани или деловни партнери. Потоа заминувале дома на вечера, што била главниот оброк во денот. |
| • **Готварство**<br>2часа | • Учениците се поделени во неколку мали групи. Секоја група треба да истражува на интернет и да побара стари рецепти за подготовка на храна. Собраните рецепти се споредуваат и се одбира најнеобичниот  меѓу нив или наједноставниот што може да се подготви во училишната кујна. Учениците можат да ги подготват јадењата дома,  да ги презентираат и дегустираат во училиштето, на некој празник или прослава на училиштето. Од собраните рецепти може да се направи мал кувар.<br>• Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да истражи и запише кои продукти преовладувале во исхраната на Хелените и Римјаните. Другата група добива задача да истражи и запише каков бил карактерот на гозбите: дали тие биле можност за обилно јадење и пиење или имале и поинаква цел. На крај по еден претставник од секоја група ги чита работите што ги запишале. Се води отворена дискусија за главните одлики на начинот на исхраната, изборот на продуктите кои се користеле и навиките во исхраната на старите Грци и Римјани. |

| | |
|---|---|
| • **Облека**<br>(Накит, облека за секој ден, војничка облека, свечена облека, фризури)<br>4часа | • Учениците поделени во мали групи (со 3-4 учесници) треба да размислат како ја замислуваат тие облеката на старите Хелени и Римјани (дали мажите и жените носеле исти облеки, од каков материјал биле изработени, каков накит и фризури биле во мода и сл.). Учениците ги кажуваат своите размислувања, а наставникот поставува прашања по потреба.<br>• По разговорот следи презентација на слајдови, фотографии или интернет страници кои содржат претстави на оваа тема, при што наставникот ги коментира претставите, го насочува вниманието и им презентира на учениците факти за различните видови облека во Хелада и Рим (машка, женска, војничка, свечена, секојдневна итн.), за фризурите и накитот.<br>• Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да изработи модели на различни видови туники, наметки, тоги. Другата група добива задача да изработи различни парчиња накит – реплики на античките.<br>• Изработените креации се презентираат на модна ревија на која би биле застапени и автентични фризури и соодветни парчиња накит, изработени од учениците. |
| • **Облици на јавен живот**<br>**-Општественитедолжностинаградскотонаселение**<br>**-Забаваислободновреме**<br>(Плоштад, сенат, собрание, колосеум, театар)<br>5 часа | • Наставникот објаснува за јавниот живот на Хелените и Римјаните користејќи презентација на која се наведени местата каде се одвивал јавниот живот во градовите, а тоа се: плоштадите, објектите на државните институции, храмовите, театрите, вежбалиштата, јавните бањи и циркусите. Овие простори и објекти се мошне препознатливи и впечатливи, а нивната величественост требало да ја изразува моќта и големината на државата. Се отвара дискусија каква биласоцијалната, општествената и заедничката функција на овие простори и објекти за самите граѓани. Учениците добиваат задача да истражуваат и да се потсетат од учебникот по историја за државното уредување и институциите во Хелада и Рим.<br>• Учениците следат презентација со слики и текст за градските плоштади во Хелада и Рим подготвена од наставникот. Градските плоштади во Хелада и Рим биле исклучително живи места исполнети со различни содржини, места на кои граѓаните се среќавале со своите пријатели, деловни партнери, се дискутирало, се воделе дебати по различни прашања и се донесувале значајни одлуки.<br>• Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да направи истражување преку интернет за плоштад Агора (Agora) и истото да го претстави преку слики и текст. Другата група добива задача да направи истражување преку интернет за римски плоштад Форум (Forum) и истото да го претстави преку слики и текст. Учениците ги презентираат своите презентации.<br>• Учениците поделени во групи разговараат, дебатираат, истражуваат на интернет, следат стручна литература за Сенат и Собрание. Учениците ги споредуваат материјалите што ги |

| | |
|---|---|
| | истражиле.Дебатираат за основните обележја на Сенатот и Собранието – институции кои ја симболизираат римската република и атинската демократија.<br>• Учениците се поделени во неколку мали групи. Секоја група треба да истражува за: театар, амфитеатар, Олимписки игри и стадионот Киркус. Учениците треба да размислат и да запишат која е разликата помеѓу театар и амфитеатар; кога била одржана првата Олимпијада и што се организирало на големиот стадион Киркус. На крај по еден претставник од секоја група ги чита работите што ги запишале.Учениците дискутираат за Римскиот колосеум, една од најпознатите градби од античко време, најголемиот амфитеатар во светот, кој претставува архитектонско ремек-дело, поради вешто проектираните и изведени системи од ходници, лакови и столбови.Оваа спектакуларна градба претставува непресушна инспирација за многу уметници и може да се сретне претставена во најразлични уметности и техники. Се отвара дискусија за застапеноста на театарот и уметноста во античкиот и нашиот секојдневен живот и културните навики.<br>• Учениците поделени во мали групи треба да направат споредба меѓу облиците на јавниот живот во антиката и денес – средиштата на политичкото дејствување, местата што претставуваат фокус на движењето и општењето меѓу граѓаните во различните градови и плоштадите во античките градови.Учениците ги кажуваат своите размислувања, наставникот поставува прашања по потрба.<br>• Учениците заедно со наставникот да посетат еден од античките градови во Македонија, да направат  фотографии и да ги изложат во училиштето со потребните придружни објаснувања. |

## Тема3: АНТИЧКО НАСЛЕДСТВО ВО МАКЕДОНИЈА

***Знаења/вештини***

- Знае што е археологија.
- Знае од кои зборови доаѓа името археологија.
- Знае кои се целите на археологијата.
- Може да опише каде се простирала римската магистрала Виа Егнатиа.
- Ги знае најголемите и најзачуваните антички градови во Македонија.
- Ја објаснува местоположбата на градовите: Скупи, Стоби, Хераклеја и Лихнид.
- Може да ги препознае најзначајните откриени објекти во Скупи, Стоби, Хераклеја и Лихнид.
- Знае кога биле основани и уништени античките градови.
- Знае што е епиграфика.
- Умее да ги разликува основните видови натписи.
- Знае какво е значењето на епиграфијата за реконструкција на минатото.
- Го разбира значењето на натписите како историски извори.

| |
|---|
| |
| ***Ставови/вредности*** |
| • Ја прифаќа важноста на локалитетите на територијата на Македонија од античко време.<br>• Има позитивен став конкултурното наследство со кое изобилува Македонија.<br>• Се залага за подобрување  и продлабочување на знаењата. |

| ***Содржини(ипоими)ибројначасови*** | ***Примеризаактивности*** |
|---|---|
| • **Античко наследство во Македонија** (Археологија)<br>2часа | • Учениците следат презентација со слики и текст подготвена од наставникот. На неа е објаснето од каде ги добиваме сознанијата за далечното минато. Наставникот објаснува за повеќе видови извори, од кои веќе споменати се писмените историски извори, но највидливи и најопипливи податоци нудат материјалните споменици: остатоци од градби, патишта и објекти од најразличен вид, како и артефактите - уметничките дела, предметите за употреба (садови, алати, накит), ковани пари идруго.<br>• Учениците поделени во помали групи треба да истражуваат за археологија , наука што ги истражува старините. Учениците истражуваат на интернет , следат стрична литература за археологија како наука. Ги презентираат и споредуваат материјалите што ги истражиле.<br>• Археологија е наука која ги изучува материјалните остатоци, односно сите видливи траги на човечката  дејност заради запознавање на нивната содржина во одредено време и простор, како и заради нивното значење во одредено социјално, економско и историско опкружување.Оваа наука се поврзува со „старите работи“, односно со дамнешното минато, со неа се опфаќа временски период од најстарите материјални остатоци па се до нашето современие. Регистрирањето и собирањето на овие наоди се прави со помош на теренски истражувања (рекогносцирање и ископување на материјалните остатоци заради собирање на материјал и формирање на археолошка документација), после кои следат обработка, систематизација, документација на наодите и нивна анализа и интерпретација.<br>Името археологија доаѓа од грчките зборови arhaios – стар и logos – наука, „наука за старината или наука што ги истражува старините.<br>Цели на археологијата се да го документира и објасни потеклото и развојот на човечката култура, историја, културна револуција, човечкооднесување и екологија.<br>Со споредба и комбинирање на сознанијата добиени од материјалните наоди и од писмените историски извори, со толкувањето на натписите, монетите и слично, може да се реконструира минатото, односно , да се добие поцелосна претстава за начинот на живот, обичаите и обредите на откриените локалитети.<br>. |

| | |
|---|---|
| • **Локалитети**<br>(Локалитет)<br>2часа | • Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да изработипрезентација со слики и текст за археолошките локалитети и наоѓалишта и за римската магистрала Виа Егнатиа (каде се простирала, кога е направена и зошто го носи името Виа Егнатиа). Другата група добива задача да изработи постер со фотографии и цртежи за римската магистрала Виа Егнатиа. Учениците ги презентираат изработките што произлегуваат од истражувањата направени на претходниот час.<br>• Учениците од учебникот по историја да се потсетат на содржините од хеленистичкиот период и Македонија под римска власт. |
| • **Скупи**<br>(Локалитет)<br>2 часа | • Учениците се поделени во неколку групи. Едната група добива задача да прибира историски податоци за местоположбата и времето на основање на градот Скупи. Другата група добива задача да истражува за периодот кога градот го достигнал највисокиот степен на развој и за најзначајните откриени објекти во градот Скупи. Третата група истражува кога и од што бил уништен античкиот град Скупи. Резултатите од истражувањето учениците ги систематизираат и презентираат на час.<br>• Учениците заедно со наставникот организираат посета на локалитетот Скупи. При посета на локалитетот учениците ги препознаваат објектите кои биле презентирани во училница. Учениците изработуваат цртежи и фотографии на самиот локалитет. |
| • **Стоби**<br>(Театар, крстилница, базилика, синагога)<br>2 часа | • Учениците се делат во групи од по неколку ученици. Секоја група добива задача да изработи визуелна презентација за градот Стоби. Учениците треба да истражуваат за: местоположбата на градот, основањето на градот, кои се највпечатливите градби, периодот кога градот го достигнал најголемиот подем и кои биле причините за пропаѓањето на градот.Учениците од секоја група ги презентираат своите презентации.<br>• Се организира училишна екскурзија – посета на градот Стоби. Учениците задолжително треба да ги посетат и да направат фотографии од театарот, крстилницата, базиликите, синагогата, големата јавна бања, Теодосиевата палата, куќата на псалмите. Во училиштето да се организира изложба на фотографии од градот Стоби. |
| • **Хераклеја**<br>2 часа | • Учениците се организираат во неколку групи. Секоја група добива задача да истражува одделни извори (стручна литература, учебници по историја, енциклопедии и интернет страници) и да прибира одреден вид информации кои се однесуваат на овој антички град. Едната група прибира историски податоци за местоположбата, времето на основањето, името и основачот на градот. Другата група може да истражува за фазите во развојот на градот во различни периоди, а третата за најзначајните или најсочуваните објекти. Четвртата група може да прибира илустративен материјал – фотографии, слајдови, цртежи и сл.<br>• Откако ќе завршат, наставникот поттикнува дискусија на тема: Што може да се заклучи за начинот на живот кој се одвивал во градот и колку се зачувани и како се заштитени археолошките пронајдоци. |

| | |
|---|---|
| | • Учениците организираат натпревар во класот, на кој ќе учествуваат со своите творби (цртежи, колажи, писмени состави) инспирирани од мозаиците во Хераклеја.<br>• Учениците со наставникот организираат посета на завод за заштита на споменици (конзерваторска лабараторија), каде се запознаваат со некои од начините на заштита на откриените објекти. |
| • **Лихнид (LIHNIDOS)**<br>2 часа | • Учениците се делат во две групи. Едната група добива задача да направи истражување преку интернет или стручна литература за основањето на градот Лихнид и за најзначајните наоди и објекти од хелинистичко време. Другата група треба да направи истражување преку интернет или стручна литература за ранохристијанскиот период на градот и најзначајните објекти од тој период. Учениците ги презентираат своите истражувања на часот.<br>• Учениците заедно со наставникот поканувaат археолог во училиштето за да им објасни на учениците на кој начин се заштитени објектите на откриените локалитети и како се датираат пронајдените наоди. |
| • **Натписи**<br>(Натпис, епиграфика, епитаф)<br>2 часа | • Учениците следат презентација со слики и текст за Писма подготвена од наставникот. На неа е објаснето за епиграфика – наука што се занимава со проучување на старите натписи врежани на некој траен материјал: камен, мермер, глина, метал, стакло, коска, мозаик.Епиграфичарите ги расчитуваат и ги датираат натписите. Наставникот објаснува што значи „се расчитуваат" - се пристапува кон реконструкција на избришаниот дел од текстот. Натписите, според содржината се делат на: приватни натписи и документи. Во приватни натписи се вбројуваат: надгробни, заветни, почесни, натписи на јавни згради и натписи на најразлични предмети. Документи се делат на: договори, закони, декрети, свети и јавни документи, приватни документи и графити на ѕидови. На територијата на Македонија секојдневно се откриваат нови натписи напишани на старогрчки и латински јазик. Се води отворена дискусија и се донесува заклучок дека многубројните наоди на оригинален епиграфски материјал овозможува да се дојде до сознанија релевантни за историјата на нашата замја во различни историски периоди.<br>• Учениците заедно со наставникот организираат посета на музеј или лапидариум, ги разгледуваат изложените натписи и ги анализираат нивните форми.<br>• Учениците препишуваат текст од некој натпис и заедно со наставникот го расчитуваат. |